**Нашата визија** е Македонија да стане најбрзорастечка економија на Балканот до 2017 год.

**Нашата мисија** е креирање мерки, политики и активности на работодавачите низ координација и соработка со социјалните партнери , Владата и Синдикатот , со цел да се достигне нашата визија .

**Основните цели и задачи** на Организацијата е да ги застапува интересите на работодавачите воопшто и посебно во социјалното партнерство, да се грижи за развој и остварување на правата и слободите на работодавачите, колективно договарање, склучување и спроведување на Општиот колективен договор за стопанство во Р.М и Колективни договори на ниво на дејности.

Принципи на организацијата:

- Членувањето во ОРМ е доброволно;
- Сите членови на организацијата имаат право да учествуваат во нејзината работа;
- Членството во ОРМ подразбира плаќање членарина;
- ОРМ се залага за поголемо значење и улога на социјалниот дијалог

КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ
НА РАБОТОДАВАЧИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА РАБОТОДАВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА

Работодавачите од Организацијата на работодавачи на Македонија го прифатиЈА Глобалниот договор НА он, кој во себе го содржи кодексот на однесување и кој вклучува десет начела и тоа од областите на човековите права, трудот,животната средина и антикорупција, како и општествена одговорност на претпријатијата и организациите и другите засегнати страни .
Согласно овој договор, засегнатите страни доброволно се обврзуваат да се придржуваат кон десетте начела вградени во главните меѓународни инструменти во областа на човековите права,работничките стандарди, животната средина и антикорупција.

Согласно првото прифатеното прво начело од оваа декларација, работодавачите се повикуваат да ги поддржуваат и почитуваат човековите права во рамките на својата област на делување. Согласно Упатствата за начелата се укажува дека овие права се засноваат на Меѓународниот договор за економски и социјални права и Меѓународниот договор за граѓански и политички права.Договорите ги опфаќаат основните права како што е слободата, безбедноста и слободата од суров, нечовечки или деградирачки однос или казна, слободата на движење, на

вроисповед, на изразување, како и правата на образование, храна, живеалиште, приватност, правото на работа и пристојни работни услови, право на социјална сигурност, право на семеен живот.
Второто начело ги обврзува Работодавачите да се осигуруваат дека не се соучесници во прекршување на човековите права.
Следните четири начела се начелата од декларација на МОТ,а се однесуваат на основноите работнички стандарди-основните принципи  и права на работното место.

Трето начело, да ја бранат слободата на здружување и правото на колективно преговарање.

Четврто, да ја искоренат присилната работа

Петто правило, да го укинат детскиот труд

Шесто начело,да ја искоренат дискриминацијата.

Седмото начело се однесува на животната средина и ги повикува Работодавачите да имаат внимателен пристап кон предизвиците за чивотната средина.клучен елемент е намерата за спречување на штета,наместо отстранување на последиците.

Осмото се однесува на преземање на иницијатива за промоција на поголема одговорност за животната средина.

Девето го охрабрува развојот и распростанетоста, раширенесто на технологиите кои се пријателски, не разорувачки кон животната средина.

И на крајот десеттото начело, се однесува на повик кон Работодавачите да работат против сите облици на корупција.

Организацијата на работодавачи на Македонија го поддржуваат Глобалниот договор на ОН, а начелата од истиот се база, основа за делувањето на ОРМ, за стратегијата на ОРМ и секојдневните активности на Работодавачите од приватниот сектор.